Согласно член 121 став 2 алинеја 3,и член 143 став 17 од Закон за заштита на децата(Сл.весник на РМ бр.23/13,12/14,44/14,144/14,10/15,25/15,150/15,192/15,27/16,162/17,21/18,198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 104/19,146/19,275/19,311/20,294/21,150/22,236/22),член 13 став 1 од Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата(Сл.весник на РСМ број 220/2022),а во врска со ранг листата број 0401-71 од 16.01 2024 година и дадениот Предлог за избор на прворангиран кандидат број 0401-72 од 16.01 2024 година од страна на Комисијата за селекција за вработување , В.д директорот на ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино на ден 16. 01 2024 година ја донесе следната

ОДЛУКА

За избор на кандидат за работно место Воспитувач на неопределено време

По Интерен оглас за вработување/унапредување број 01/2024 објавен на ден 09.01 2024 година

1. В.д Директорот на ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино по спроведена постпака по Интерен оглас за вработување на неопределено време,објавен на ден 09.01 2024 година за унапредување на работници за работно место Воспитувач-1(еден)извршител, по даден предлог од Комисијата за селекција за вработување,**ГО ИЗБИРА** кандидатот

   - **МАРКОВА ВЕСНА од Неготино,адреса ул,,Марксова,, број 51 ЕМБГ 0401981489009 -**

2. Врз основа на оваа Одлука,со избраниот кандидат од точка 1,ќе се склучи Договор за вработување на неопределено време, а сето по конечноста на одлуката.

*ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино на ден 09.01 2024 година објави Интерен оглас за вработување/унапредување на 1(еден) извршител на неопределено време за работно место Воспитувач,ниво В3,утврдено со актот за систематизација на работни места во ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино.

Комисијата за селекција при ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино ,согласно член 143 став 9 и 10 од Законот за заштита ја спроведе целокупната постапка за унапредување.

По спроведување на административна селекција на пријавените кандидати и извршено интервју со кандидатите кои ја поминаа административната селекција по огласот за вработување/унапредување,Комиијата за селекција изготви записник за Административна селекција број 0401-68 од 16.01 2024 година и Записник од спроведено Интервју број 0401-70 од 16.01 2024 година.

Согласно член 146 став 10 од Законот за заштита на децата,Комисјата за селекција врз основа на постигнатите резултати на кандидадтите од административната селекција и спроведеното интервју, изготви Ранг листа број 0401-71 од 16.01 2024 година.Врз основа на направената ранг листа, Комисијата за селекција,даде предлог за избор на прворангираниот кандидат број 0401-72 од 16.01 2024 година .Ранг листата и Прелогот за избор на кандидат во законски предвидениот рок, Комисјата за селекција уредно му ги предаде на директорот на установата.

Постапувајќи врз основа на доставената ранг листа и дадениот предлог за избор на кандидат,В.д Директорот на ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино, донесе Одлука за избор на 1(еден) кандидат за рабоно место Воспитувач на неопределено време и одлучи како во диспозитивот на истата.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова одлука незадоволните кандидати имаат право да изјават жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8(осум) дена од денот на приемот на одлуката .

**Доставено до**

Вработен

Архива

ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино

В.д Директор

Најдова Нада

_______________